# АВАТАРИТЕ И УЧИТЕЛИТЕ

Шри Чинмој

Наслов на оригиналот:
“The Avatars and the Masters” by Sri Chinmoy
Copyright © 1979 by Sri Chinmoy

Сите права за ова издание се заштитени. Забранетo е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

Издавач: Шри Чинмој-Мир-Служење Скопје
Наслов: „Аватарите и Учителите“
Автор: Шри Чинмој

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

2-544.4
239.6Шри Чинмој

ЧИНМОЈ, Шри
Аватарите и Учителите / Шри Чинмој ; - Скопје : Шри Чинмој-Мир-Служење, 2019. - 58, [13] стр. : слика на авторот ; 20 см

Превод на делото: The Avatars and the Masters / by Sri Chinmoy. - За авторот: стр. [57-58]

ISBN 978-608-4894-01-8

а) Духовно прочистување
COBISS.MK-ID 111497994

# Содржина


**Аватарите** 7

**Врската на Шри Чинмој со големите Учители** 15

**Христос и неговите ученици** 23

**Шри Рамакришна и Свами Вивекананда** 37

**Буда** 47

**Други Учители** 51

ЗА АВТОРОТ 57

ДРУГИ КНИГИ ОД ШРИ ЧИНМОЈ 59

# Предговор

Зошто го сакам Шри Кришна?

Шри Кришна го сакам затоа што е човек сеисполнувачки.

Зошто го сакам Буда?

Буда го сакам затоа што е човек сепросветлувачки.

Зошто го сакам Христос?

Христос го сакам затоа што е човек сељубечки.

Зошто ја сакам Махешвари? Махешвари ја сакам затоа што ми е Мајчината сестра - неизмерност.

Неа ја гледам многу често.

Зошто ја сакам Махакали?

Махакали ја сакам затоа што ми е Мајката моја - сомилост.

Нејзината сомилост многу често ја исползувам.

Зошто ја сакам Махалакшми? Махалакшми ја сакам затоа што ми е Мајчината сестра - убавина.

На нејзината убавината многу често ѝ се восхитувам.

Зошто ја сакам Махасарасвати?

Махасарасвати ја сакам затоа што ми е Мајчината сестра - совршеност. Нејзината совршеност многу често ја негувам.

# Аватарите

***Прашање:*** *Кои критериуми можеме да ги користиме за да препознаеме Аватар?*

***Шри Чинмој:*** Еднаш Вивекананда отишол во Источен Бенгал, а таму дошле кај него многу ученици од различни Учители, молејќи го да оди и да ги посети нивните Учители за кои тие тврделе дека се Аватари. Тие веле: „Те молам, дојди и види го мојот Гуру. Тој е Аватар без сомнение.“ Веќе во следниот момент некој друг ќе речел: „Мојот Гуру е Аватар. Го знам тоа.“ Па така Вивекананда рекол дека во Источен Бенгал Аватарите растат како печурки.

За жал, во Западниот свет зборот „Аватар“ не е разбран. Можеби ќе бидат потребни прилично доста години или дури и векови за да се разбере зборот „Аватар“ - извинете што сум толку искрен. Постојат некои зборови кои се толку значајни и важни, а кои во духовната свест се толку тешки што обичната личност никогаш нема да ги разбере. Зборот „Аватар“ е еден од тие зборови, можеби дури и најтешкиот. Знаеш

како се пишува, но за да се реализира највисоката природа на Аватарот, човек мора да стане речиси духовен светец.

Разликата помеѓу Јогин и Аватар е како разликата помеѓу дете и зрел возрасен човек. Треба да се има многу, многу висок стандард на духовна свест за да се добие дури и најблед увид за еден Аватар. Шри Кришна беше Аватар, но само неколку личности го препознаа. Шри Рамакришна беше Аватар, но само неколкумина го препознаа. Христос беше Аватар, но само неколку луѓе го познаваа. Но дури и тие Аватари немаат ист стандард. Ти можеш да препознаеш некој кој е еден или неколку инчи повисок од тебе. Можеш да препознаеш мудрец, светец или Јогин. Но Јогинот е бескрајно посупериорен од мудрецот или светецот. Јогин значи оној кој е во единство со Највисокото. Но Аватарот е директен потомок на Бог, инкарниран дел од Бог кој постојано дејствува истовремено и во Највисокото и во најниското. Јогините одржуваат одредено високо ниво на кое и дејствуваат. Ако се случи да отидат пониско од тоа ниво за да го подигнат човештвото, тие не можат да функционираат добро и понекогаш се фатени таму; тогаш се изгубени. Одржуваат одредено ниво на свест, а кога други се приближуваат до тоа ниво, тие можат да им помогнат. Во случајот на Аватар, тој може истовремено да остане и во Највисокото и во најниското, а кога дејствува од најниското ниво, тоа не му влијае.

Аватарот е човечко битие. Зборува, јаде и се шегува. Но кога ќе влезе во своето Највисоко, оди

далеку отаде височината на твојата визија. Ако некогаш имаш дури и мал увид во повисоките светови во кои Аватарот има слободен пристап, ќе почувствуваш дека целиот твој живот е предмет на потполна предаденост пред стапалата на твојот Учител. Дури и ако Учителот те удри или те исфрли надвор од неговиот Центар, ти ќе му останеш верен затоа што од него си добил нешто што знаеш дека никогаш нема да можеш да го добиеш од никој друг на земјата.

Кога на земјата се наоѓа Аватар, тој ја отелотворува свеста на сите други Аватари кои дошле на светот. Кога Шри Рамакришна бил на смртна постела, а Вивекананда, неговиот најдраг ученик, се сомневал во него дури и во последниот момент, тој рекол: „Оној кој е Рама, оној кој е Кришна, во една форма е Рамакришна.“ На Исток е полесно да се верува дека Рама е во мене, Кришна е во мене, Рамакришна е во мене и другите Аватари се во мене. На Запад, за жал, знаеме само еден Аватар, Христос. Или го прифаќаме или го отфрламе. Ако го прифатиме, тогаш, според црквата, за нас не може да постои друг духовен Учител; но ако го отфрлиме, тогаш можеби вниманието ќе го насочиме на некој друг духовен Учител!

Христос, Буда, Шри Кришна и сите други големи духовни Учители доаѓаат од истиот божествен Извор. Ако кажеме дека Христос е единствениот Спасител, тогаш веднаш еден од учениците на Кришна ќе рече: „Не, Кришна е единствениот Спасител.“ Тука почнува проблемот. Треба да почувствуваме дека Севишниот е единствениот Спасител. Тој е Тој што влегол во

форма која ја нарекуваме Христос. Тој влегол во форма на Кришна, во Рамакришна итн. На тој начин сите одиме кон Севишниот. Крајното е Севишниот. Како и ние така и Кришна, Буда и сите Аватари дошле од Него и сите треба да одиме кај Него.

***Прашање:*** *Како можеш да направиш разлика помеѓу Христос, Рамакришна и Бог ако сите тие се исти во свеста?*

***Шри Чинмој:*** Воопшто не е неопходно да се прави разлика. Тие дошле во различни времиња, но сите се едно. Сите се Божји деца во различна форма. Во оваа инкарнација ти имаш едно име, а во твојата претходна инкарнација си имал некое друго име. Дури и во оваа инкарнација твојата мајка те вика по едно име, твојот сопруг по друго име, твоите деца по некое друго име, а можеби ние те викаме по сосема друго име. Но ти сепак си истата личност. Духот е еден, а формата е различна. Бог е Универзалниот Дух, но Тој користи различни форми. Христос зел човечко тело, човечка форма. Буда зел, Шри Рамакришна зел, Шри Кришна зел, сите зеле човечка форма. Кога душата влегува во телото, таа душа треба да ја манифестира внатрешната божественост. Големите духовни Учители ја манифестирале, но ти сè уште не си ја манифестирал. Значи сите сме едно во духот, но во формата сме станале многу. На тој начин може да постои божествената игра.

***Прашање:*** *Која е разликата помеѓу свеста што*

*ја постигнал Буда и таа што ја постигнал Христос?*

***Шри Чинмој:*** Прости ми што ќе го кажам ова, но тоа што ќе знаеш што Исус Христос постигнал или не постигнал нема да ти биде ни најмалку од помош. Она што е важно е дали ти пробуваш да израснеш во самиот лик на Христос. Само тоа ќе ти помогне. Да знаеш што постигнал Христос, што постигнал Буда, нема да ти биде од никаква полза. Ќе ти помогне само ако се обидуваш да израснеш во свеста на Христос или свеста на Буда. Сепак, ќе дојде време кога ќе мораш да отидеш дури и отаде тоа. Треба да почувствуваш дека Бог зел посебна душа и ја донел на светот со надворешна форма. Едната ја нарекол Христос, а другата Буда. Бог сакал тие посебни души да ја играат улогата на Христос и Буда. Тој сака ти да играш улога на некој друг.

Бог сака да игра во и преку секого на единствен начин. Да речеме, тие големи души играле улога на божествени лавови. Сега Бог сака ти да дејствуваш како ситен инсект. Со тоа што дејствувале како лавови, тие најзадоволително ги исполниле своите улоги. Во твојот случај, ако Бог сака ти да бидеш инсект, ако најзадоволително ја играш улогата на инсект, Бог ќе биде многу задоволен. Нема да те праша: „Зошто не ја играше улогата на лав?“ Од тебе побарал да ја играш улогата на инсект и не очекува да правиш нешто друго. Секоја душа треба да ја игра својата сопствена улога. Христос, Буда, Шри Кришна - успешно ги одиграле своите улоги само

затоа што биле свесни Божји инструменти. Тие сè уште ги играат своите улоги на земјата на внатрешен план. Сега ние, трагачите, треба да ги играме своите улоги.  Ако не ги играме своите улоги, тогаш Бог ќе остане неисполнет и неманифестиран.

Некои духовни Учители во Индија им велеле на своите ученици: „Не ги употребувајте зборовите 'Бесконечност', 'Бесмртност' и 'Вечност'. Само мислете каде сте вие." Јас ти го кажувам истото нешто. Не се преоптоварувај себе со свеста на Христос или свеста на Буда. Работи со твојата сопствена свест. Тежнееш? Ако тежнееш, тогаш Бог е најзадоволен од тебе. Не се обидувам да обесхрабрам никого на никаков начин. Но ти сакаш да знаеш многу нешта од љубопитност, а на крајот тие нешта ќе ти пречат. Ако сега мислиш на целта што тие ја постигнале, ќе бидеш целосно изгубен.

Во Индија многу луѓе имаат полудено затоа што постојано мислеле за реализацијата на Буда, реализацијата на Кришна или реализацијата на Рамакришна, наместо да започнат со вистинскиот начин, со медитација. Со тоа што постојано мислеле на реализацијата на Кришна или на реализацијата на Буда, тие се убедиле самите себе дека ја постигнале свеста на Кришна или свеста на Буда. Кога мислеле дека ја постигнале таа свест, станале луди. Во Бенгал имало многумина кои имале физичка сила, витална сила, ментална сила, па само мислеле постојано на Вивекананда, додека не почувствувале дека се друг Вивекананда. Потоа, кога биле тестирани, кога се соочиле со светот, виделе дека се најбезначајни

суштества.

Во духовниот живот секогаш е подобро да се напредува чекор по чекор. Кога ќе отидеш високо, многу високо, тогаш ќе можеш да ја видиш свеста на Буда и свеста на Христос. Но сега да мислиш на такви нешта е бескорисно. Само ќе те збунат.

Маратонската трка е долга повеќе од 26 милји. Во моментот кога стартерот ќе испука со пиштолот, ако тркачот мисли дека после 26 милји ќе ја достигне целта, тој ќе биде потполно згрозен. „Имам за трчање 26 милји!“ - ќе мисли тој; тогаш едноставно ќе се откаже. Не, додека трча треба да мисли дека поминал четвртина милја, половина милја, една милја итн. Ако мисли дека одеднаш треба да ја достигне целта, ќе биде обесхрабрен во моментот кога ќе почне. Ќе каже дека тоа е невозможно. Ако дете во градинка мисли на неговата диплома за постдипломски студии додека ја учи азбуката, тогаш тоа е невозможно. Ако мисли дека треба да ја добие неговата диплома за постдипломски студии што е можно поскоро, едноставно ќе полуди. Но ако чувствува дека сега е во градинка, утре ќе биде во основно училиште, потоа средно училиште итн, ќе има постојана инспирација.

Извадок од „Аватарите и Учителите“
www.knigi.mk